РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-566/2
19-11-2024

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на десетата седница одржана на ден 08.11.2024 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предметот со број 08-566 /1 од 30.01.2023 година, **СЕ ОТФРЛА.**
Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување на ДКСК по предметот со број 08-566 /1 од 30.01.2023 година.
Предметот со број 08-566 /1 од 30.01.2023 година да се архивира.
Одлуката, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот број 08-566 /1 од 30.01.2023 година е оформен по поднесена анонимна пријава за испитување на имотната состојба на лицето ____________________, партиски функционер во политичката партија ____________________, вработен во ______________________________.

По разгледување на содржината на пријавата, ДКСК констатира дека истата содржи општи наводи, а имајќи во предвид дека се работи за анонимна пријава ДКСК не е во можност да обезбеди дополнителни информации по однос на наводите.
Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Ч. , раководител на одделение
Одобрил: С.Д. , член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk